ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА „ДР. ТРИФУН ПАНОВСКИ“БИТОЛА СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2023 06 03/1

**Скопје, септември 2023 година**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Клиничка болница "Др. Трифун Пановски" - Битола на сметката за средства од Фондот (737) за 2022 година.

Изразивме неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2022 година.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2010 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што е изминат подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето на субјектот предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на Болницата за 2022 година констатирано е следното:

- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост што има влијание врз реалноста на финансиските извештаи;
- сметководствената и материјалната евиденција на постојаните средства и залихите не се усогласени;
- начинот на кој е организирано работното време овозможува несоодветно определување на должината на работното време и висината на надоместоците кои ќе се исплатат за определени вработени како и несоодветна исплата на плата и надоместоци на плата;
- во текот на 2022 во просек се креирани само 39% од законски задолжителните термини за вршење здравствени услуги преку Мој термин и
- во дел од спроведените постапки за јавни набавки констатиравме несоодветна примена на Законот за јавните набавки.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки до одговорните лица.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата известува за набавен линеарен акцелератор од страна на Министерството, кој до денот на вршење на ревизијата не е ставен во употреба, од причина што Болницата не располага со соодветен кадар и дополнителна опрема потребна за функционирање на истиот.

Клучно прашање за ревизијата е дека не е обезбедено вистинско купување на здравствени услуги поради законската обврска на Фондот да обезбеди средства за целосно функционирање на оние ЈЗУ, во кои спаѓа и Болницата, кои поради повеќе причини не успеваат да остварат соодветен вид и обем на здравствени услуги во висина на договорениот надоместок.

Во делот на Останати прашања ревизијата известува за Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење и Централниот систем за регистрација на работното време при Министерството, кои не се воспоставени во целост.

Извршени се корекции за време на ревизијата со што е извршено зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 82.496 илјади денари.

Од страна на одговорното лице на Болницата добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека преставуваат известување за причините за утврдените состојби и за преземени активности од страна на Болницата.

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 12 |
| 5. | Клучни ревизорски прашања | 12 |
| 6. | Останати прашања | 13 |
| 7. | Законска основа за ревизијата и временски период | 14 |
| 8. | Опфат и ограничувања | 14 |
| 9. | Одговорност за финансиски извештаи | 14 |
| 10. | Одговорност на ревизорите | 15 |
| 11. | Корекции во текот на ревизијата | 16 |
| 12. | Одговор на ревидираниот субјект | 17 |
| 13. | Финансиски извештаи за 2022 и 2021 година | |
| | Биланс на приходи и расходи | 18 |
| | Биланс на состојба | 19 |
| | Преглед на промени на извори на капиталните средства | 20 |
| 14. | Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| | Вовед | 21-24 |
| | Сметководствени политики | 24-25 |
| | Образложенија кон финансиските извештаи | 25-30 |

Прилог 1 - Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 05-1005/1 од 31.08.2023 година

Прилог 2 - Одговор на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| Болница | ЈЗУ Клиничка болница „Др. Трифун Пановски“ Битола |
| Фонд | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| Министерство | Министерство за здравство |
| Мој термин | Интегриран здравствен информатички систем |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:25-170/15
Дата: 20.09.2023

## 1. Вовед

Јавната здравствена установа Клиничка болница "Др. Трифун Пановски" Битола е основана и организирана согласно одредбите на Законот за установи и Законот за здравствена заштита.
Болницата е јавна здравствена установа со права, обврски и одговорности утврдени со закон, колективен договор, статут и други општи акти. Основач на Болницата е Владата на Република Северна Македонија.
Болницата ја врши здравствената дејност во мрежата на здравствени установи, согласно со стручни упатства за медицина заснована на докази и протоколи утврдени од министерот за здравство и согласно Законот за здравствена заштита.
Болницата во рамки на дејноста што ја врши во мрежата, врши здравствени услуги на осигурени лица согласно Законот за здравствено осигурување под услови и начин утврдени со прописи од здравствената заштита и здравственото осигурување. Болницата исто така дава здравствени услуги и на пациенти кои истите ги плаќаат со лични средства.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиски извештаи на страна од 18 до 20 на Јавната здравствена установа Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски“ – Битола, на сметката за средства од Фондот (737) за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски“ – Битола, на сметката за средства од Фондот (737) за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски“ – Битола, на ден 31 декември 2022 година на сметката за средства од Фондот (737), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски“ – Битола за 2022 година, на сметката за средства од Фондот (737), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се

доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Со извршениот увид во сметководствената и материјалната евиденција на постојаните средства кои претставуваат 73% од вкупните средства, ги констатиравме следниве состојби:

- вредноста на основните средства во материјалната евиденција (книга на основни средства) е помала во однос на вредноста искажана во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 94.438 илјади денари;
- не е пресметана ревалоризација на опрема со вкупна набавна вредност од 13.815 илјади денари како резултат на отсуство на документација со која ќе се потврди времето на набавка на опремата;
- дел од средствата во износ од 10.504 илјади денари **се** евидентирани без соодветна поткрепувачка документација за видот и потеклото на истите.

Наведените состојби на внесување на податоци во деловните книги без веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, неусогласеност помеѓу главната и помошната книга како и нецелосно пресметана ревалоризација не е во согласност со членовите 2, 6 и 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членовите 12 и 28 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијаат на реалноста и објективноста на Билансот на состојба.

**Препораки**

Одговорните лица на Болницата да преземат активности за:

- усогласување на сметководствената и материјалната евиденција во книгата на основни средства;
- пресметка на ревалоризација на сите постојани средства евидентирани во сметководствената евиденција и
- утврдување на видот на постојаните средства евидентирани на дел од сметките и преземање на мерки за нивно соодветно вреднување.

3.1.2. Со увид во сметководствената евиденција на Болницата и преземените активности за вршење попис, како и Извештајот за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2022 година, ревизијата го констатира следното:

- не е утврдена состојбата и не се поблиску опишани дел од средствата со кои располага Болницата и тоа: градежни објекти, основачките влогови, земјиште, софтверски апликации, дел од хартиите од вредност, залиха на масло за греење и залиха на медицински гасови;
- во дел од пописните листи не се наведени вредносни показатели и не е

извршено вредносно усогласување на податоците од спроведениот физички попис со податоците од сметководствената евиденција;
- за состојбата на побарувањата и обврските не се преземени активности за утврдување на правната основа, старосната структура, дали истите се целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и дали се преземени мерки за наплата на побарувањата од страна на одговорните лица.

Утврдените состојби не се во согласност со член 29, 31-а и 31-в и од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијаат на реалноста и објективноста на Билансот на состојба.

**Препорака**

Одговорното лице на Болницата, одговорните лица номинирани за вршење попис на средствата и обврските и лицето задолжено за водење сметководство во делот на своите надлежности да преземат активности за:
- вршење на попис на сите средства со кои располага Болницата;
- вредносно усогласување на состојбите од спроведениот попис со податоците во деловните книги
- при вршење на попис на побарувањата и обврските да се утврди старосната структура на истите, основот за нивното настанување и целосно и правилно евидентирање и преземените мерки за наплата во сметководствената евиденција.

3.1.3. Со извршената ревизија на сметководствената и материјалната евиденција за прием, складирање и издавање на залихи на материјали, извршениот попис на состојбите на ден 31.12.2022 година констатиравме дека:

- Болницата нема донесено пишана процедура за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лекови и медицински потрошен материјал во рамките на аптеката и секоја организациона единица одделно. Имено, работењето во оваа област се одвива согласно воспоставена пракса, а месечните спецификации врз основа на кои се евидентира трошокот на залихите не се соодветно архивирани, потпишани и одобрени од страна на одговорните лица на аптеката и организационите единици и нема доказ за усогласување на состојбите помеѓу одделение за сметководство и организациона единица чија потрошувачка се евидентира;
- приемот на дел од потрошниот материјал се евидентира во сметководствена евиденција со задоцнување од 7 до 30 дена;
- не постои усогласеност помеѓу состојбите на залихите на материјали искажани на 31.12.2022 година во главната и помошната книга и спроведениот попис што е прикажано на Графикон бр. 1

**Графикон бр.1**




Од прикажаното во графиконот може да се заклучи дека податоците во Билансот на состојба се искажани на износ понизок за 26.514 илјади од податоците во материјалната евиденција и за износ понизок за 39.469 илјади денари од податоците од спроведениот попис.

Оваа состојба делумно е резултат на воспоставениот начин на сметководствено евидентирање на потрошокот на залихите. Имено, иако во рамки на софтверот за материјална евиденција се генерираат податоци за финансиска и материјална потрошувачка на лекови за секоја организациона единица, истите не се користат при сметководствено евидентирање на трошокот на залихите, кое се врши врз основа на "месечни спецификации" за издадени лекови и медицинскиот потрошен материјал од аптеката до болничките одделенија;

- набавените количини на течен кислород во износ од 7.006 илјади денари и масло за греење во износ од 23.051 илјади денари не се евидентирани во сметководствената евиденција како материјали на залиха и не е обезбедено следење на потрошокот.

Горенаведените состојби укажуваат на нецелосно следење на потрошокот на залихите кои се неопходни за вршење на дејноста на Болницата што не е во согласност со член 92-г став 4 и став 7 од Законот за здравствена заштита и влијаат врз точноста и вистинитоста на искажаните податоци во Билансот на состојба што не е во согласност со член 2, член 6 став 2 и член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорните лица на Болницата да ги преземат следните активности:

- донесување пишана процедура за процесот на прием, издавање и потрошок на лекови и медицински потрошен материјал;
- евидентирање на потрошокот на залихата за секоја организациона единица одделно и воспоставување соодветна сметководствена евиденција за истото;
- усогласување на материјалната и сметководствена евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот и
- воспоставување на навремена и целосна евиденција на приемот и потрошокот на потрошни материјали, масло за греење и течен кислород.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со увидот во евиденцијата на работното време, пресметката и исплатата на плати и надоместоци на плати во износ од 580.468 илјади денари го констатиравме следното:

- системот за електронска евиденција на работно време не се применува од страна на сите организациони единици, а податоците од истиот не претставуваат основ за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата што не е во согласност со член 116 став 7 од Законот за работните односи;
- не е воедначен начинот на кој е организирано работното време поради што кај определени организациони единици за дел од медицинскиот кадар не е обезбедено исполнување на законски предвидените 36 до 40 работни часови во неделата. Имено, воспоставена е пракса дел од работното време да се реализира преку 12 часовно до 24 часовно дежурство по што се користат повеќе слободни денови, а часовите поминати во дежурство се сметаат како часови поминати во полно работно време. Со увидот во листите за присутност на работа утврдивме дека ваквата пракса овозможила определени вработени да не остварат ни полно работно време а при тоа им се исплатени редовна плата и надоместок за дежурство што не е во согласност со член 24 од Колективниот договор за здравствената дејност и член 116 од Законот за работните односи;
- исплатени се 35.123 илјади денари по основ на дежурства, без да биде побарана согласност од Министерството за воведување на истите, а утврдена е и појава на исплата на дежурства на немедицински кадар во износ од 919 илјади денари што не е во согласност со член 211 став 6 и 216 од Законот за здравствена заштита. За организирање на работата во дежурства за 2023 година обезбедена е согласност од Министерството;

- исплатени се 7.142 илјади денари за прекувремена работа на 303 вработени при што во целост не е испочитувана законската процедура. Имено:
  - организирањето и исплатата на прекувремената работа не се врши по претходно донесена одлука од страна на одговорното лице, односно истата се одобрува за исплата на крајот на тековниот месец по поднесени листи од страна раководителите на организационите единици;
  - не се воспоставени контроли на бројот на реализирани прекувремени часови поради што 41 вработен оствариле прекувремена работа над 190 часови што го надминува законски дозволениот максимум, за што исплатени се 1.102 илјади денари;
  - за воведувањето на прекувремена работа не е доставено писмено известување до подрачниот државен инспектор на трудот.

  Утврдените состојби не се во согласност од член 117 став 2 и став 6 од Законот за работните односи каде е регулирана постапката за прекувремена работа.
- во Болницата е воведена активна и пасивна приправност, што значи доаѓање на работа по повик, но овој облик на работа не е уреден со општ акт со кој дополнително ќе се определи и најдолгото прифатливо време за доаѓање на работното место во случај на ангажиран повик (готовност), што не е во согласност член 214 и член 218 став 3 од Законот за здравствената заштита.

Утврдените состојби укажуваат на невоедначено определување на должината на работното време и висината на надоместоците кои ќе се исплатат за определени вработени, нецелосно уредување на правата и обврските помеѓу работодавачот и вработените, несоодветна исплата на плата и надоместоци на плата и влијаат на квалитетот на здравствените услуги кои се даваат во Болницата.

Во насока на надминување на состојбите, при пресметката на платата и надоместоците на плата за месец 05/2023, од страна на одговорните лица преземени се мерки за зајакнување на контролите поради што исплатени се надоместоци на плата на износ понизок за 1.800 илјади денари споредено со претходниот месец.

**Препорака**

Одговорните лица на Болницата да ги преземат следните активности:

- остварувањето на полно работно време на сите вработени и истото да претставува предуслов за одобрување на дежурство и прекувремена работа на здравствените работници/соработници;

- прекувремената работа да се одобрува и организира од страна на одговорното лице на Болницата, по претходно испратено известување до државниот инспекторат за труд, на начин со кој ќе осигура дека вработените нема да работат повеќе од 190 часови прекувремена работа во текот на годината;
- организирањето на работата со приправност (активна и пасивна) да биде предвидено со Општ акт на Болницата;
- исплатата на додатоци за посебни услови на работа на немедицинскиот персонал да се врши во согласност со одредбите на Колективниот договор за здравствена дејност и актите за систематизација и внатрешна организација на работните места.

3.2.2. Согласно член 39-а од Законот за здравствена заштита, одговорното лице на Болницата во рамки на системот Мој термин е должно да определи календар на активности на месечно ниво за секој здравствен работник кој дава специјалистичко – консултативни услуги кој особено содржи податоци за вршење на прегледи во амбуланта и давање на услуги со користење на медицинска опрема. Времетраењето на смена во амбуланта како и времетраењето на поединечен преглед по специјалност/супспецијалност се определени со Правилник[1] со кој се воспоставува и обврска календарот на активности да биде дефиниран и јавно достапен во системот Мој Термин.

Од извршениот увид во податоците генерирани во Мој Термин, констатиравме дека на ниво на Болницата во текот на 2022 година во просек се креирани/достапни за пациенти само 39% од законски задолжителните термини за здравствени услуги. Податоците на ниво на организациони единици кои креирале помалку од 50% од задолжителните термини се претставени во графикон бр.2

[1] Правилник за времетраење на прегледите во специјалистичко – консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко – консултативни услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита ( Службен весник на РМ бр. 9/2018)

**Графикон бр.2**




Од страна на одговорните лица во Болницата како причини за настаната состојба се наведени дефицитарниот кадар во определени организациони единици како и вршењето на прегледи без закажан термин во Мој термин за што не се доставени дополнителни докази.

Неоспорувајќи го квалитетот во давањето на здравствени услуги, а имајќи ги предвид состојбите од точка 3.2.1 од овој извештај кои се однесуваат на неисполнување на редовното/полното работно време, ревизијата е на мислење дека наведената состојба влијае на достапноста на здравствените услуги и еднаквиот третман на корисниците од регионот кој го опслужува Болницата што не е во согласност со член 5, член 6 и член 39-а од Законот за здравствената заштита и одредбите од горенаведениот Правилник.

**Препорака**

Одговорното лице на Болницата да преземе активности за организација на медицинската дејност во насока на овозможување на соодветен број на термини за сите дејности и апарати.

3.2.3. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2021 и 2022 година, а по кои во годината предмет на ревизија од оваа сметка преземени се обврски во вкупен износ од 400.463 илјади денари, извршивме ревизија на 30 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2022 година, од кои 12 се спроведени во 2022 година, 16 во 2021 година и во 2020 година. При тоа опфативме 72% од преземените обврски, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите од Законот за јавните набавки. Имено:

- во текот на 2021 и 2022 година спроведени се 15 постапки за набавка на лабораториски потрошен материјал[2] во износ од 76.709 илјади денари, при што констатиравме дека:
    - материјалите се за медицинска опрема - апарати со затворени системи кои користат реагенси и потрошен материјал кои ги обезбедува економскиот оператор кој е ексклузивен застапник за стоките предмет на набавката, поради што во постапката се доставува само една понуда. Горенаведеното придонесува да не се создадат услови за намалување на цената, при што се прифаќа цената која е дадена во понудата на единствениот понудувач. Особено што дел од апаратите од страна на економските оператори се отстапени на користење на Болницата со договори за деловно-техничка соработка и договори за донација и обезбедуваат директна корист на истите, што не е во согласност со член 3 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.
    - за дел од лабораториските услуги, во Болницата се користат повеќе апарати а цената на материјалите за исто испитување е различна во зависност од апаратот и економскиот оператор кому му е доделен договорот. Поради тоа за анализи од ист вид се набавуваат материјали за износ повисок од 50% до 100% во однос на постигнатата најниска цена.

  Користењето на апарати за вршење на анализи со затворени системи не овозможува конкуренција и соодветно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка, што не е во согласност со член 5 од Законот за јавните набавки.

- спроведена е постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на мазут во износ од 6.000 илјади денари, во која непропорционално се

[2] Реагенси, тестови и калибратори

поставени критериумите за избор на економски најповолна понуда врз основа на цената. Имено, предвидено е за најповолна понуда да биде избрана понудата која ќе достави најниска цена само во однос на трошоците за транспорт до договорниот орган, додека основниот предмет на набавката - цената на литар мазут и цената за целокупната количина предмет на набавка не е предмет на евалуација на финансиската понуда за избор на економски најповолна понуда, што не е во согласност со член 8 и член 99 од Законот за јавните набавки.

Воспоставениот начин на постапување при спроведувањето на дел од постапките за јавна набавка не овозможува конкуренција и рационално користење на буџетски средства.

**Препорака**

Одговорните лица на Болницата кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- при набавка на материјали за лабораториски испитувања да се искористи законската можност за доделување на повеќегодишна рамковна спогодба, а предметот на набавка да се дефинира како тест за определено испитување и при тоа да се обврзе економскиот оператор чија понуда е избрана за најповолна да достави компатибилен апарат за вршење на анализите во периодот на траење на договорот;
- дефинирање на критериумот за економски најповолна понуда на начин што од страна на економските оператори ќе се поднесува понуда која ќе се однесува на целокупниот предмет на набавката.

**3.2.4.** Со Правилникот за внатрешна организација, не е предвидена и не е формирана единицата за внатрешна ревизија која согласно буџетот на Болницата треба да има најмалку три ревизори и раководител. Поради наведеното, отсуствува независно, разумно и објективно уверување и совет за подобрување на работењето до одговорното лице на Болницата што не е во согласност со член 23 и член 31 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака:**

Одговорното лице на Болницата да преземе активности во насока на формирање на функционална единица за внатрешна ревизија.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Во просториите на Болницата во посебен објект (бункер) сместен е линеарен акцелератор кој до денот на ревизијата не се користи и не е внесен во сметководствената евиденција. Од одговорните лица добиено е образложение дека апаратот е набавен од страна на Министерството без да биде доставена документација до Болницата, а истиот не се користи поради недостиг на дополнителна опрема потребна за негово функционирање како и недостиг на соодветен квалификуван кадар.

Со направениот увид во ЕСЈН врз основа на објавените огласи за јавни набавки и известувања за склучени договори утврдивме дека Министерството има спроведено повеќе постапки поврзани со овој акцелератор. Имено, во текот на 2012 година, склучен е договор за набавка на линеарен акцелератор со вредност од 100.015 илјади денари или 1,6 милиони евра, а за поставување на истиот во 2013 година склучен е договор за изградба на бункер во вредност од 46.799 илјади денари или 761 илјади евра. Во текот на 2017 година склучен е договор за набавка на онколошки информациони системи, системи за запишување и верификување на радиотераписки третман и системи за планирање на третман во вредност од 24.774 илјади денари или 403 илјади евра.

Имајќи ја предвид потребата од подобрување и зголемување на достапноста на онколошките здравствени услуги и рационалното користење на буџетските средства, ревизијата укажува дека е потребно во најкус можен рок да се преземат активности од страна на Болницата во соработка со Министерството за ставање на апаратот во употреба.

## 5. Клучни ревизорски прашања

Дополнително покрај состојбите опишани во Основот за квалификувано мислење, ревизијата го идентификуваше следното прашање опишано подолу како клучно ревизорско прашање кое е комуницирано и со одговорното лице на субјектот.

Болницата има извршено здравствени услуги на товар на Фондот во вкупен износ од 528.867 илјади денари а договорениот надоместок за 2022 година изнесува 893.720 илјади денари. Имено, согласно член 69 од Законот за здравствено осигурување и одлука на Владата, Фондот има обврска да обезбеди средства за целосно функционирање на оние ЈЗУ кои поради повеќе причини не успеваат да остварат соодветен вид и обем на здравствени услуги во висина на договорениот надоместок. При тоа, во законската регулатива не се утврдени критериуми, ниту пак е јасно дефинирано што подразбира целосно

финансирање на одредени ЈЗУ и на кој начин се утврдуваат договорените надоместоци на неодржливите ЈЗУ.

Во услови кога обемот на извршените услуги во однос на претходната година бележи намалување, а договорениот надоместок бележи раст, ревизијата не беше во можност да се увери дека при утврдување на договорениот надоместок за ЈЗУ земени се предвид одредбите во Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи[3], како и причините за неможноста за зголемување на нивото на дадени здравствени услуги. Особено доколку се имаат предвид утврдените состојби во делот на исплата на плати и надоместоци. (точка 3.2.1 од овој Извештај).

## 6. Останати прашања

Согласно член 92-г од Законот за здравствената заштита, министерот за здравство е должен да воспостави Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој Закон, ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови. Националниот систем треба да биде составен дел од интегрираниот здравствен информатички систем, а за непречено функционирање на системот, ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочна комуникација и размена на податоци.

Со анализа на преземените активностите поврзани со оваа законска обврска, констатиравме дека и покрај тоа што законската обврска за востановување на Националниот систем е воведена во 2015 година, активностите на Министерството сé уште се наоѓаат во почетна фаза и според добиената Информација, Националниот систем од јануари 2018 година не е во функција поради необезбеден договор за негово одржување.

Поради наведеното, не е обезбедено следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ.

Исто така, за имплементирање на одредбите од член 92-д од Законот за здравствената заштита Министерство има склучено договор за јавна набавка на Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ. По спроведената групна набавка од страна на Министерството во име и за сметка

[3] Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко-консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита Бр. 02-24077/7 од 18 декември 2009 година.

на ЈЗУ во текот на 2017 година испорачани се и монтирани уреди за евиденција на работното време, но се уште не е отпочната примената на истиот.

Ревизијата е на мислење дека е потребно, Министерството да преземе активности за преиспитување на овие законски решенија и можностите за имплементација и функционалност на Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централниот систем за евиденција на работното време.

## 7. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Болницата за 2010 година при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 8. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во поглед на опфатот на ревизијата.

## 9. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Билјана Гагачовска, медицински директор од 14.12.2020 година до 20.05.2022 година и
- Д-р Александар Обедниковски, вршител на должноста медицински директор од 20.05.2022 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто

така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 10. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Болницата, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 11. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи. Нето ефект на корекциите е зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба во износ од 82.496 илјади денари. Имено, со налог за книжење бр. 017/08/23 од 02.01.2023 година извршено е:

- зголемување на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства во износ од 84.367 илјади денари и

- намалување на позициите Активни временски разграничувања и Пасивни временски разграничувања во износ од 1.871 илјада денари.

## 12. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот одржан на ден 21.06.2023 година , за кои дадоа свои коментари и објаснување.
На ден 01.09.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавна здравствена установа Клиничка болница "Др. Трифун Пановски" Битола број 05-1005/1 од 31.08.2023 година од раководното лице Д-р Елизабета Ивановска, директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 25-170/14. кои се однесуваат на точките 3.1.1. 3.1.3. и 3.2.3..
Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор при што е констатирано дека преставуваат известување за причините за утврдените состојби и за преземени активности од страна на Болницата.

Забелешките и одговорот на забелешките се составен дел на Конечниот извештај и се дадени во прилог на истиот.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 893.720 | 799.630 |
| **Вкупно приходи** | | **893.720** | **799.630** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 580.468 | 575.957 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 297.434 | 219.037 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 4.287 | 1.979 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **882.189** | **796.973** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 11.531 | 2.657 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **11.531** | **2.657** |
| **Вкупно расходи** | | **893.720** | **799.630** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 700 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 188.390 | 225.981 |
| Залихи | 4.1.2. | 18.474 | 22.735 |
| **Вкупно тековни средства** | | **206.864** | **249.416** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 611 | 611 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 34.664 | 34.664 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 609.926 | 467.739 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4. | 447 | 447 |
| **Вкупно постојани средства** | | **645.648** | **503.461** |
| **Вкупна актива** | | **852.512** | **752.877** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 143.545 | 178.788 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 2.657 | 2.711 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 42.188 | 44.482 |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 700 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **188.390** | **226.681** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 664.122 | 526.196 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **664.122** | **526.196** |
| **Вкупна пасива** | | **852.512** | **752.877** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

**000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2022 година** | **503.462** | **22.734** | **526.196** |
| **Зголемување по основ на:** | **446.805** | **178.463** | **625.268** |
| Набавки | 15.270 | 178.463 | **193.733** |
| Донации | 4.540 | | **4.540** |
| Ревалоризација на капитални средства | 342.628 | | **342.628** |
| Корекции по налог на ревизија | 84.367 | | **84.367** |
| **Намалување по основ на:** | **304.619** | **182.723** | **487.342** |
| Отпис на капитални средства | | 182.723 | **182.723** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 277.989 | | **277.989** |
| Амортизација | 26.630 | | **26.630** |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **645.648** | **18.474** | **664.122** |

ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА — БИТОЛА
**„Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ“**

CLINICAL HOSPITAL "D-r TRIFUN PANOVSKI"
7000 Bitola - REPUBLIC OF MACEDONIA

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
КЛИНИЧКА БОЛНИЦА
Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ
БР. 05-1005/1
31.08 20 23 ГОД.
Битола

До
Државен завод за ревизија на РСМ
Скопје

**Предмет:** Произнесување по Нацрт Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 год.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 01.09.2023
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
25-170/14

Почитувани

**Нацрт извештај сметка 531**

Како препорака која е дадена во точка 3.2 сакаме да Ве известиме дека Правилникот за благајничко работење е изготвенво 2009 година и доставен до благајна кое и ќе го скенираме како доказ. Насоки за функционирање и раководење со фискални апарати после Вашата ревизија доставено е на 30.06.2023 година до сите вработени кои работат со фискалните апарати кое ќе Ви го пратиме како доказ, сите фискални апарати се ставени во употреба и се издаваат фискални сметки и имаме овластен работник кој е приклучен на програмата на Кодекс каде можат да се видат дневните извештаи од болничкото и амбулантското работење за споредба со извештаите кои ги носат сестрите за наплатена партиципација во благајната. Сторнираните сметки се доставуваат посебно и со потпис од началникот на одделението.

**Нацрт извештај сметка 737**

Како препорака која е дадена во точка 3.1.1 подточка 1 и 2 за усогласување на сметководствената и материјалната евиденција во

книгата на основни средства, извршено е усогласување на сметководствената и материјалната евиденција – во прилог картици.

Како препорака која е дадена во точка 3.1.3 односно евидентирање на залихата за секоја организациона единица одделно и воспоставување соодветна сметководствена евиденција за истото,м направено е сметководствено книжење на месечниот извештај за потрошок на лекови и медицински материјали по одделенија со што до крајот на годината ќе се усогласи материјалната и сметководствената евиденција со фактичката сосотојба утврдена со пописот – Прилог картици влез и излез по одделенија

Известување од канцеларијата за јавни набавки за забелешките во доставените прилози

Прилози:
-Фотокопија од Правилник за благајничко работење
